USAID FROM THE AMERICAN PEOPLE
Европско движење Северна Македонија
European Movement North Macedonia
SFPA Slovak Foreign Policy Association

# НАЦИОНАЛНА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



# БИЛТЕН 8

## РАБОТНА ГРУПА 3
## ПРАВОСУДСТВО И ОСНОВНИ ПРАВА

## „АКТУЕЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВОСУДСТВО НИЗ ПЕРСПЕКТИВАТА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

**Десетта сесија на Работната група 3 – Правосудство и основни права (Поглавје 23)**

## „АКТУЕЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО МАКЕДОНСКОТО ПРАВОСУДСТВО НИЗ ПЕРСПЕКТИВАТА НА ПРЕПОРАКИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“

На 04.05.2022 во Клубот на пратениците во Скопје, се одржа десеттата сесија на работната група 3 – правосудство и основни права.

Во делот на воведните поздравни излагања, на присутните им се обратија: проф. д-р Милева ЃУРОВСКА, Претседателка на Европското движење, Томаш СТРАЖАЈ, Директор на Словачката асоцијација за надворешна политика од Братислава, д-р Никола ТУПАНЧЕСКИ, Министер за правда во Владата на Република Северна Македонија, а копретседавачи на сесијата беа Фросина ТАСЕВСКА, Државен советник за европски интеграции во Министерството за правда на Република Северна Македонија и Мухамед ХАЛИЛИ, потпретседател на Европското движење.

**Милева Ѓуровска** истакна дека ова е десеттата по ред сесија на РГ 3, од кои првата беше одржана во 2018 година.



Таа истакна дека Конвенцијата е поддржана од USAID и Slovak AID на кои срдечно им се заблагодари, а се заблагодари и на Словачкиот амбасадор и претста-вникот на Словачката асоцијација за надворешна политика кои беа присутни на настанот. Конвенцијата низ годините, како што нагласи проф. Ѓуровска, креираше капацитети за ефективно поврзување на важните стоблови за ефективни правосудни институции клучни за првиот кластер – Темели и им помогна на институциите да се информираат за потребите на граѓаните.

Како постигнато за време на десетте сесии ги нагласи следните елементи: партиципативност на различни страни, одржливост и континуитет на активностите, квалитет на дијалогот на националните и словачките експерти, проактивност за имплементирање на европските и меѓународните стандарди и континуирано следење на реформите во правосудството.




**Томаш СТРАЖАЈ,** Директор на Словачката асоцијација за надворешна политика, во своето обраќање, меѓудругото, нагласи дека десеттата сесија на РГ 3 и воопшто 43 сесии на 5те работни групи на НКЕУ- МК се доказ за успешноста на проектот и за развојот на националната позиција на Република Северна Македонија спрема одредени важни прашања за евроинтеграцијата, од кои едно од најважните е реформата на правосудството.

Тој спомена дека ЕУ мора да остане фактор кој ќе промовира стабилност и кај себе и во светот и дека РСМ и Албанија наскоро треба да ги започнат преговорите, а Словачка е поддржувач на тоа.

**Никола ТУПАНЧЕСКИ**, Министер за правда во Владата на Република Северна Македонија, официјално ги поздрави сите учесници, посебно амбасадорот Маркуш и директорот Стражај и спомена дека темата на сесијата е императив за државата и претставува комплементарност на фундаменталните права. Во поглед на оптимизирањето на капацитетите во правосудството, тој спомена дека бројот на јавни обвинители и судии во Македонија по глава на жител е повисок од европскиот просек, а од друга страна постојат непополнети судиски места според предвидената систематизација, а дополнително, нагласи дека голем број на судии ќе се пензионираат наскоро, па бројката на празни места ќе биде уште повисока.



Исто така, спомена дека во три обвинителства во државата воопшто нема јавни обвинители, па се јавува потреба и од корекција на прераспределбата на кадри. Наведе и дека 59 нови академци до крај на годината би требало да ја завршат обуката во АСЈО, а нови 97 слушатели ќе почнат со обука наскоро. Во врска со методологијата за оценување на судиите и јавните обвинители, спомна дека Судскиот Совет ќе ја почне валоризацијата на работата на судиите според новиот правилник донесен во 2021 година. Во врска со управувањето со движењето на предметите, нагласи дека тоа со процесот на востановување интероперабилнпст и дигитализацијата на правосудството треба да придонесат кон подобрување на состојбите во државата на тој план.



**Фросина ТАСЕВСКА**, Државен советник за европски интеграции во Министерството за правда на Република Северна Македонија и **Мухамед ХАЛИЛИ**, потпретседател на Европското движење го презедоа преседавањето со сесијата и модерирањето на темите.




Во вториот дел од сесијата, експертски обраќања беа дадени во три сегмети односно поттеми и тоа:

1. <u>Оптимизирање на капацитетите во правосудството.</u> Во рамките на оваа поттема се дискутираше за бројот на судови и јавни обвинителства, проблемот со кадровските капацитети, односно со продукцијата на обвинителски и судски кадри, прашањето на проширената надлежност на судовите и бројот на предмети итн. Во врска со наведеното, експертите се осврнаа на прашањата како да се надмине состојбата со недостиг на кадровски капацитети, со оглед на тоа дека до крајот на годината бројот на непополнети места во судството и јавното обвинителство ќе се зголеми уште повеќе, а не може да се очекува од академијата за судии и јавни обвинители „да излезат“ готови кадри за толку кратко време, се дискутираше и за тоа дали треба да се размислува и во насока на одредени измени во делот на организацијата, прераспределбата, надлежноста на судовите итн

На оваа тема излагања имаа следните експерти: Наташа ГАБЕР - ДАМЈАНОВСКА, Директорка на Академијата за судии и јавни обвинители “Павел Шатев“ – Скопје, Оља РИСТОВА, Судија во Основниот кривичен суд – Скопје, Лидија РАИЧЕВИЌ – ВУЧКОВА, Јавен обвинител во ОЈО – Скопје, Тони МЕНКИНОСКИ, Адвокат, Ива ЦОНЕВСКА од Институтот за Европски политики – Скопје, како и експертот од Словачка, Данка КОВАЛОВА, Директорка на Аналитичкиот центар на Министерството за Правда на Словачка.




Директорката на Академијата за судии и обвинители (АСЈО), **Наташа ГАБЕР – ДАМЈАНОВСКА** истакна дека се вложуваат напори за да се креира европски профил на идни судии и ја-вни обвинители во однос на што из-вештаите на Европската комисија имаат позитивна оценка. Таа истакна дека во моментот недостигаат судски и обвинителски кадри и дека е по-требна посебна анализа за динамиката како Академијата ги создавала кадрите во минатото.

Така, во 2019 година АСЈО профилира 37 судии кои се веќе се вработени во судскиот систем. Во 2020 година биле профилирани 59 кандиати кои поради сложените процедури на евалуација кои би влегле во правосудниот систем на крајот од 2022 година. Во тек АСЈО обучува 97 кандидати за судии и обвинители со цел да се ублажи недостигот, што е бројот што бил побаран, односно 55 од страна на судски совет и 42 од страна на советот на јавни обвинители. Според неа, постечките капацитетите на АСЈО можат максимално да примат 120 кандидати и тоа доколку се работи во две смени. Поставено беше и прашање во однос на обезбедување на поголеми простории со цел обезбедување на предавањата на поголем број на слушатели, но образложено беше дека квалитетот на обуката кој се добива при формирање на помали групи е значително поголем и токму затоа се останати во овие помали простории кои ги поседуваат. Паралелно со зголемувањето на бројот на кандидати се работи и на промени во обучувачките програми со цел да се подобри квалитетот новите кадри.



Наместо следење на теориска настава во период од 9 месеци, новата програма се базира на три модули (модула за граѓанско, кривично и меѓународно право) со можности во текот на наставата да има и практични обуки. Согласно анализата која била изработена и прифатена од страна на Европската комисија, обуката мора да трае 2 години. Покрај обуките за новите кандидати се организраат континуирани обуки за активните судии и обвинители. Она што е посебно значајно е воедувањето на актуелни и интердисциплинарни теми какви што преставуваат семејно насилство, мобинг, медијација, организиран криминал, коруција и други области од меѓународните судски практики. За постигнување на подобар квалитет беше истакната потребата од мерливост на резултатите од обуката воопшто. Академијата, исто така, има тенденција да ја зголеми транспарентноста во сите фази од примеот- до евалуацијата на кандидатите.






**Оља РИСТОВА**, Судија од Основниот Кривичен суд Скопје истакна дека РГ - 3 континуирано ги следи сите релевантни меѓународни и национални извештаи и наодите во нив за состојбата во правосудството. Како фактори кои влијаат на состојбата во правосудството ги издвои:

**Професионалност на судиите** – Иако има подобрување во квалитетот на обуките за судии неопходно е да се обрне посебно внимание при изборот на обучувачите. Во моментот на листата има 170 предавачи, но има проблем во критериумот за избор. Се забележува дека некои предавачи се ангажираат многу пати, а некои се на листатата, но ниту еднаш не биле повикани како предавачи. Исто така, треба особено да се води сметка за искуството на судиите и за темите т.е. да се ангажираат судии кои ќе го споделат искуството во областите како што е трговија со луѓе, конфискација на безправно стекнат имот исл.

**Оценувањето на работата на судиите** –Развивање на методологија за оценување на квалитетот на судиите која ќе ја замени методологијата на оценување според бројот на решени предмети.

**Одговорност на судиите по точно опрделени критериуми.** Судскиот совет кој е надлежен за следење на работата на судиите да постапува по жалби на тренаспарентен начин. Кога некој судија ќе биде санкциониран треба да се дадат информации од надлежните служби со цел да влијае врз намалувањето на злоупортеби од истите причини. Вообичаените информации кои се добиваат од медиумите се парцијални и не ја постигнуваат целта.

**Дефинирање на улогата на судските службеници.** За квалитетно судење неоходен е компетентен службенички персонал со признат статус. Недостига стратегија за менаџмент на човечките ресурси во доменот на судството.

**Зголемување на платите на судиите**. Независно судство може да се постигне доколку судиите се наградени. Планираните 0,8% од БДП за судството се уште е само во програмте. За сега судскиот систем располага со 0,4% од БДБ.

**Реорганизација на судството во целина со цел да се постигне професионалност**, независност и интегритет.

Постоечките услови не дозволуваат да се дојде до остварување на овие вредности. Како фактор кој ја усложнува работата на судиите е административната работа која е со обем од 70% од севкупната судска активнсот. Судиите треба да имаат повеќе време за предметите и судските пресуди. Недостига менаџментот на време на судиите и реорганизација на нивната работа.

**Распределбата на предметите преку АКМИС** кој како систем треба да биде предмет на корекции и надградба.




**Лидија РАИЧЕВИЌ ВУЧКОВА,** Јавен обвинител од Основното Јавно обвинителство Скопје изрази загриженост заради проблемите во оптимизацијата на бројот на кадрите, во изборот и на квалитетот на кадрите. Како особено значен го идвои проблемот со квалитетот на судиите и обвинителите со што е тесно поврзана и довербата- „Ако нема квалитет – нема доверба во судството" – истакна обвинителката. За да се зборува за квалитет треба да се дефинира, а дефиницијата треба да дојде од страна на правосудните институции.

Квалитетот на судиите се дефинира преку задоволеното чувство на правда кое подеднакво треба да го чувствуваат оние кои ја бараат правдата, но и оние кои носат одлуки. Бројот на судиите и обвинителите не е критериум за квалитет. За обучување на младите кадри, според неа, не треба да е надлежна само Акдемијата на судиии, туку целиот првосуден систем. Судиите и обвинителите со поголемо искуство треба да се вложат во напредокот на подмладокот. Квалитетен судија или обвинител е оној кој ќе оформи барем тројца квалитени кадри со изграден етички и сртучен профил – заклучува Обвинтелката. Образованието на судските кадри не треба да се сфати како формален процес.

**Тони МЕНКИНОСКИ** истакна две, според него, важни поенти за темата на сесијата а тоа е дека адвокатурата е запоставена во смисла на движење низ правната професија и смета дека и адвокати со големо практично искуство би можеле и би требало да може да бидат судии и јавни обвинители.





Според негово мислење адвокатурата треба да биде интегрирлен дел од правосудството. Во однос на Академијата за судии и обвинители пречи фактот дека при обуките кандидатите не знаат што ќе бидат во иднина т.е. дали ќе бидат обвинители или судии што влијае врз самите обуки и идентификација со професијата.

Адвокатот укажа и на едем друг аспект поврзан со одгворноста. Адвокатите одговараат со целокупниот свој имот за своите евентулани грешки и злоупотреби, а тоа не е случај со судиите и јавните обвинители. Апелираше итно да се воведе уставната тужба во РСМ со што би се ефектуирала одговрноста на судиите и обвинителите. Практикие од други европски држави поттикнуваат на размислување дека е можеби добро решение да обвинителството да има одвоен буџет со што би можело да сноси и материјална одговорност во случај на направени грешки.

**Александра ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА** давајќи еден кус вовед ја отвори дискусијата за оваа поттема. Таа истакна дека и во минатите сесии е разговарано за прашањата за ефикасноста на судовите и судската мрежа, а ова денешна сесија може да придонесе за споделување на искуства и натамошна конкретизација на препораките. Особено внимание посветни на дигитализацијата, каде ги изложи сите проблеми со кои се соочува правосудниот систем. Интероперабилноста, дигитализацијата и подобрата координација и кооперативност се клучни. Беше спомeнета една од препораките усвоена претходно која се однесуваше на можностите за воведување на скатена постапка за обучување на кадри кои веќе имаат поголемо искусво во судските практики (адвокати, судски службеници) кои преку скратена програма на обули ќе влезат во судкиот систем преку Академијата за судии.






**Дискусија:** Маргарита Цаца Николовска (поранешен судија во Судот за човекови права во Стразбур) . На прашањето за регрутација на судски кадри по скратена постапка таа одговори дека се водело и претходно дискусија за истото прашање, но било заклучено дека регрутирањето на кадри од редот на судските службеници или адвокатите не го решава кадровскиот проблем. Според неа треба да се продолжи со барање на причинтие за нискиот степен на доверба на граѓаните кон судскиот систем (според последните анкети 8%). Главно дискусиите за судството се однесуваат на кривичните предмети, но бројот на граѓанските предмети е многу голем, а за нив малку се зборува- дополни Цаца. На прашањето за воведување на Уставна тужба како мерка за постигнување на поголем квалитет во судството одговори со негирање за таквата улога на оваа мерка. Треба да се дејствува да се направат функционални постојните механизми во правосудството, а потоа да се врши надградување со нови.

На крајот таа додаде дека ги прегледала препораките во Првата книга на препораки на НКЕУ-МК и забележала дека многу од нив се веќе остварени, особено оние кои се однесуваат на реформирање на Судскиот совет. **Селим Адеми** од Судскиот Совет го истакна своето жалење што Министерот си замина и што нема да ги слуша дискусиите бидејќи е негова задача да ги решава проблемите во правосудството. Тој укажа на големиот проблем со кој се соочуваат судовите во внатрешноста на земјата. Имено, постојат судови без ниеден судија во нив. За позначајни проблеми од негова страна беа посочени: немањето на сретства за надградување на акмис системот за распределба на судските предмети; менаџирањето на судскиот буџет кој наместо да се зголемува, тој се намалува (не е 0,4%, туку 0,3% од БДП); бирократските процедури за вработување кои минуваат низ повеќе инстаниции (Министерсво за Финансии, Првда и сл); не усогласеност меѓу динамиката на Академијата на судии и потребите за судски кадри т.е. Академијата мора да планира на подобар начин за да подготови кадри кои ќе ги потполнат испрзнетите места. Посочи дека правиме промени без при тоа да се имаат предвид човечките ресурси. Основниот суд во Кичево доби проширона надлежност, но таму нема судии – дополни Адеми.

.Во моментов се активни 455 судии помалку отколку што се прикажува официјално (636). Во подигнување на квалитетот на судството и подобрување на рејтингот кој е многу низок нема да помогата силните методологии за проверка на судиите, туку ветингот. Она што може да помогне за да се излезе состојбата е постигнување на согласност за решенијата на проблемот. За сега нема согласност по многу прашање што остава впечаток на не организраност.



**Фросина Тасевска** од Министерсвото за правда беше повикана да одговори на точките кои беа упатени до Министерсвото. Со бројки таа го покажа напредокот во намалувањето на бројот на нерешените судски предмети. Таа укажа и на значењето на Стратегијата за човечки ресурси во правосудството (2023/24). Истакнувајќи ја надлежноста на Министерството таа истакна дека постои споделена одговорност на сите чинители во правосудниот систем, а улогата на Министерствотот како извршен орган е да ги координира активностите.

Секоја од правосудните инситуции има свои надлежности и своја одговорност. Наташа Габер Дамјановска и проф. д-р Гордана Лажетиќ.



2. Методологија на оценување на квалитетот на работата на судиите и јавните обвинители и методологија за утврдување на сложеноста на предметите. Во поглед на оваа поттема, а имајќи го предвид фактот дека на една од претходните сесии се разговараше на темата за „прочистување во правосудството“, беше дискутирано за состојбите во врска со примената на новите методологии за оценување и осврт врз тоа дали тие се пособдветни за таа намена и за тоа дали се применува методологијата на утврдување сложеност на предмети со што нормата која треба да се исполни добива поинаква димензија. Оваа тема особено беше предмет на дискусија имајќи го предвид фактот дека општа препорака од една од претходните сесии беше да нема посебен „ветинг“ туку дека е нужно да профункционираат постојните механизми во државата.

На оваа поттема дискутираа следните експерти: Антонио ЈОЛЕВСКИ, Претседател на Совет на јавни обвинители на РС Македонија; Селим АДЕМИ, Потпретседател на Судскиот совет на РС Македонија; Гаврил БУБЕВСКИ, Обвинител на Основно јавно обвинителство – Скопје; Џемали САИТИ, Судија во Врховниот суд и претседател на Здружението на судии; Натали ПЕТРОВСКА, Извршна директорка на Коали-цијата „Сите за правично судење“ – Скопје.



**Антонио ЈОЛЕВСКИ**, Претседател на Советот на Јавни обвинители на РСМ спомена дека има нов акт, кој не е методологија туку посебен Правилник за оценување на ЈО и го претстави системот од 6 (нивоа на) оценувачи; притоа, со право се запраша дали сите тие ќе имаат исти критериуми при имплементацијата на одредбите, односно дали на ист налин ќе ги применуваат и дали субјективноста ќе биде исклучена. Истакна дека самиот Совет не може да влијае врз оценувањето, освен по приговор и тоа не по свои, туку по правилата на јавното обвинителство.

Оттука, Советот на Јавни обвинители смета дека треба да има ревизија на законот за Јавно обвинителство, бидејќи во овој момент е моќта е концентрирана кај јавниот обвинител, за разлика од судскиот совет, со цел да има моќ доколку се утврдат одредени повреди, да може да покрене постапка. Кон излагањата на претседателот на Советот на јавни обвинители, Јолевски, се придружи и Скопскиот Јавен обвинител Гаврил Бубевски.

**Селим АДЕМИ**, потпретседател на Судскиот Совет во поглед на оценувањето на судиите ја претстави Методологијата за оцена на работата на судиите која, како што истакна за првпат ќе се примени од страна на Судскиот Совет во делот на квалитативното оценување кое се очекува наскоро да започне, при што се формирани соодветните комисии и спроведени се други активности. За прв пат судиите ќе оценуваат други судии. Ова е и на барање на здружението на судии, бидејќи до сега тоа го правеле судиот совет.



Сепак се доаѓа до проблем, бидејќи дел од судиите не сакаат да ја превземат оваа обврска и се откажуваат од комисиите. Се очекува наскоро да започне и оценувањето, што е планирано да трае еден месец. Сето ова се прави со цел да се прочисти судството, но според него ова нема да ги даде вистинските резултати. Ова е еден експеримент, кој може да даде и добри и лоши резултати, но потенцираше дека мора да почнеме да веруваме и да се надеваме.



**Џемали САИТИ**, судија на Врховниот суд и претседател на Здружението на судии се фокусираше на целите на новата методологија - децентрализација на моќта на Судскиот Совет, кој има политички притисок, да го апсорбира целосно. Тој смета дека тој притисок треба да се подели. Во делот на оценувањето и вклучување на самите судии во процесот на оценување на квалитетот на нивната работа, нагласи дека Судскиот Совет донесе подзаконски акти по дадени мислења на ВСРСМ и следната година ќе се спроведе масовно, редовно оценување, при што се очекува објективност на процесот и компетентни мислења.

Се согласи дека процесот е сложен, сепак досега се посочени неколку проблеми, како профилот на судиите кои ќе ги оценуваат, плурализмот на комисиите, односно поголем број на комисии за поголема ефикасност, ослободување на судиите од другите предмети и слично. Сепак, на крајот на денот кога ќе се сублимира се, останува надеж дека може да се имплементира оваа новина и дека ќе допринесе до зголемена доверба во правосудството.



**Натали ПЕТРОВСКА**, извршна директорка на Коалицијата „Сите за правично судење“, ги изнесе прашањата од нивната анализа за работата на Судскиот Совет и примена на мерит системот, при што ја истакна важноста од примена на методологијата за утврдување на сложеност на предмети затоа што природата на предметот може да влијае и оценувањето во смисла на тоа дека за посложен предмет постапката подолго трае итн. Истакна и дека институтот дополнителни (резервни) судии не се имплементира никаде освен во Кривичниот Суд Скопје и дека ваквата нивна ангажираност не се валоризира.

Го посочи проблемот за нивната валоризација во моменталниот систем, бидејќи во процесите каде се резервни судии троши многу време, но никаде тоа не е заведено, односно не е валоризирано во методологијата за нивната работа. Судиите ја потенцирале важноста за перцепцијата за постапувањето на Јавното обвинителство во претходните постапки, кое треба побрзо да постапува во одредени предмети затоа што и тоа влијае на застареноста, а како што истакна, доколку дојде до застареност, најчесто, вината за тоа му се припишува на судијата. Петровска ги отвори и прашањата за преземањето на предмети од разрешени судии кое ја зголемува оптовареноста на судиите и други важни аспекти (на пример, потребата од пристап до стручна литература.итн.), потребата од примена на полесни дисциплински мерки, а не секогаш разрешување и сл.



Според неа, треба да се изнајде начин да се земе во предвид обемот на работа на самиот суд, особено во соодност со човечките ресурси кои ги поседуваат, во таа насока како посебен фактор се јавува и опременоста на судовите, која влијае на брзината на постапување во определени предмети и случаи, и која би го олеснила секојдневното функционирање на судовите, пристапот до стручна литература итн.

Таа заврши со дисциплинската одговорност и разрешување на судии, посочувајќи дека само минатата година разрешени биле неколку судии од истиот суд, каде директно било посегнато кон најстрогата мерка, што посочува дека има недостаток на стратешко постапување од судскиот совет, нешто што сеуште се случува. Во поглед на Јавното обвинителство, самиот факт што во 2022 година, е разрешен само 1 јавен обвинител, самиот овој податок зборува многу за истото.




**Александар СТОЈАНОВСКИ** од ЕВРО-ТИНК зборуваше за бројката од 8% доверба во правосудството (од мина-тата година) кое беше резултат на дел од нивното лонгитудално мерење на јавно мислење (во период од 7 годи-ни) и го претстави процесот и релевантните аспекти на истражувањето. Тоа, како што наведе тој е резултат на истражување на сликата што различни граѓани ја имаат, вклучително и граѓани кои никогаш не биле дел од судска постапка и сл. Посочи дека никогаш намерата не била да се делегитимира судската власт, туку само да се презентира слика за еден временски период, како се менува угледот што одредени општествени чинители го имаат во јавноста.



Во делот на дискусијата се вклучи проф. Лажетиќ, која истакна дека мора да се децентрализира надлежноста на одделението за организиран криминал, односно таа да не биде само во Скопје, туку по апелациони подрачја. Наместо да се бавиме со рационализација, треба да се бавиме со децентрализација во правосудството.

Во овој дел со свои коментари и дискусии се јавија и судија Милка Ристова, која смета дека презентираните бројки не се реална слика за довербата, туку тоа е само перцепција која јавноста ја има за одреден број на случаи кои се медиумски експонирани.



Маргарита Цаца Николовска, се вклучи во дискусијата и сподели дека анкетата со која е добиена бројката од 8% перцепција за доверба во правосудниот систем, во јавноста створи неверојатно негативна слика за правосудството. Посочи дека ова е искористено и од амбасадорите, кој ја користат оваа бројка. Таа смета дека презентацијата на оваа анализа можела да биде многу подобра, со повеќе информации и образложение како е дојдена до неа. Второто прашање кое го постави беше околу оценувањето на работата на судиите. Со оглед дека врховниот суд има многу податоци за работата на судиите, како тие податоци ќе влијаат во оценувањето кое ќе се врши? Исто така, праша како е возможно да се врши избор, ако се побараат 50 кандидати и академијата даде 50 кандидати, што не е избор, туку само именување.

На ова се надоврза Џемали Саити, кој објасни дека во законот за оценување на судиите, детално образложен начинот на кој ќе се прави оваа оцена, со тоа што квантативното дава 40 поени, а квалитативното 60. Параметрите што ги посочи Судија Николовска, влегуваат во првиот дел. На тема истражувањето на Евротинк, збор зема и Натали Петровска, констатираше дека на никој не му се допаѓаат добиените бројки, сепак ги поткрепи добиените бројки, бидејќи и нивните анкети ги добиваат сличните проценти на доверба (околу 10%). Посочи дека од 2018 година, довербата во правосудството е во константен пад.



3. <u>Закон за управување со движењето на предметите во судовите и дигитализацијата во правосудството</u>. На голем дел од сесиите на НКЕУ МК се отвораше прашањето за долгото траење на постапките, одолговлекувањето на патот до правдата, но и за фактот дека институциите се недоволно координирани, не соработуваат и не ги разменуваат меѓусебно релеватните информации навреме.

Експерти од оваа проблематика се осврнаа на тоа како процесот на дигитализација, интероперабилност и гореспоменатиот закон придонесуваат за надминување на детектираните аномалии.

На оваа поттема дискутираа следните експерти: проф. Гордана ЛАЖЕТИЌ од Правниот Факултет „Јустинијан Први – Скопје", Лазар НАНЕВ, Судија од Основниот суд – Кавадарци и Претседател на Советот за ИКТ, Фатиме ФЕТАИ, Виш јавен обвинител, Жарко ХАЏИ-ЗАФИРОВ од Центарот за правни истражувања – Скопје и др.



**Лазар НАНЕВ**, Судија на Основен суд – Кавадарци и Претседател на Советот за ИКТ истакна дека Советот за ИКТ има многу наравено изминатиот период од 9 месеци во насока на имплементација на препораките за Дигитална зелена транзиција и дека целата негова активност е во насока на тоа да се понудат решенија за забрзување на постапките, проблемот со доставата, пристапот до правдата и решавање на проблемот на одлагање на расправата на првото рочиште заради нарушување на принципот на еднаквост на оружјата (заради ненавремено доставени докази), како и за развивање на е- delivery – електронската достава.




Според него, клуч за решавање на лошата перцепција за правосудството е токму дигитализацијата. Стратегијата за дигитализација на правосудството, како што истакна, е донесена во мај 2020 година со 33 столба и во меѓувреме се спроведени голем дел од предвидените активности, набавени се сервери за сите судови, а во тек е нивното инсталирање, натаму, во тек е набавка на компјутерска опрема, меѓудругото, и за скенирање на сите екстерни документи, обезбедени се средства за опремување на сите судови, како и опрема за аудиовизуелно сминање во судниците и документациони камери. Оваа опрема е потребна за креирање на целосно електронско досие. Во секоја од 186-те судници, ќе има ќе има по 6 камери и по 7 терабајти простор за снимање, овозможена судски телевизиски линк (доколку е потребно) и документациони камери, што овозможува да се креира електронска форма од секој документ.

Посочи дека 5 судници се веќе целосно ставени во функција. Со овој процес, како што наведе, ќе се намали застојот и застареноста на предметите. Истакна и дека е потпишан Меморандум за соработка за интероперабилност со 15 релевантните институции, додека до крајот на годината ќе бидат склучени 85 договори за соработка со државни органи и институции, за размена на податоци и информации. Со тоа во минатото заминува прашањето за недоставувањето на податоците, доказите и информациите. Посочи дека во последните 4 месеци се креирани 232 веб сервиси, што е огромна база на податоци и информации. Истото важи и за проблемот со доставата, бидејќи системот на е-деливери, целосно ја заменува еднонасочната комуникација. На крајот сподели и дека во завршна фаза е потпишувањето на договор со Амбасадата на Кралството Норвешка, каде ќе има целосно нов адаптиран и функционален информатички систем за управување на движењето на предметите, каде ќе се земе во предвид и сложеноста на предметите и обрасците и пристапот, како и увид во досието на предметот. Смета дека АКМИС системот ќе биде нешто со што ќе се гордееме. Средствата се обезбедени дел од државниот буџет, а дел од донации.

**Фатиме ФЕТАИ**, Виш јавен обвинител и член на Советот за ИКТ ја апострофираше важноста од дигитализацијата на правосудството и се осврна на актуелната состојба со системот за управување со предмети во обвинителството, притоа истакна дека постои case management систем од 2016 година, со кој електронски се водат предметите на основен начин, но во февруари 2022 година е донесен нов Правилник за распределба кој допрва треба да се применува и кој се очекува да го стандардизира постапувањето и да овозможи распоред на предмети без влијанија, да спречи застој и да овозможи увид во секое дејствие кое е преземено. За ова, како што нагласи, ќе биде потребен софтвер и постојано работно тело за имплементација на системот и комисија за надзор над функционирањето на системот. Посочи дека нема да добиеме веднаш резултати, со оглед дека потребно е да се поминат и обуки, но важно е дека е почнат овој процес.



Смета дека обвинителите со овој правилник и систем, се што досега го добивале во хартиена форма ќе биде на еден клик. Засега, оваа можност постои само за изводите за казнена евиденција, додека за се друго сеуште се работи. Со ова се забрзуваат постапките и се намалува можноста за злоупотреба. Токму ова ќе придонесе до подобрување на перцепцијата на правосудството.



**Гордана ЛАЖЕТИЌ** од Правниот Факултет „Јустинијан Први – Скопје" и потпретседател на ИКТ Советот во своето излагање наведе дека целиот процес на дигитализација ќе ја намали и ситната корупција во одредени институции и се осврна на правната рамка воопшто, истакнувајќи дека обвинителството е оставено на маргините и затоа треба таму да се преземат дополнителни чекори (како и во правобранителството) за да дојде со изедначување на нивото и во делот на дигитализација и во сите останати сегменти со судството. Ја истакна потребата од измена на процесните закони во насока на електронските докази, онлајн судењата и сл., односно да се усогласи целиот процес на .дигитализација и законодавството (измени на Законот за кривичната постапка, Законот за парничната постапка, Законот за правда за децата и други закони и да се предвиди можноста и за онлајн и хибридни судења). Посочи дека на сите ќе им треба време да се навикнат на овие промени, бидејќи навиките се дел од секој дел од животот, така и од професионалниот, но мора да се движиме напред.



**Жарко ХАЏИ-ЗАФИРОВ** од Центарот за правни истражувања и анализи – Скопје ја нагласи важноста од дигитализација и истакна дека тој процес дури доцни. Отпорот на институциите, како што забележа, одамна постои и како лошо искуство го спомна проект-от со странска помош од 2009 година во врска со носењето на Законот за национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци, со цел да се спојат сите 600 датабази, за да може да има 6 нивоа, на кои сите органи на прогонот и судството ќе имаат пристап. За реализација на овој проект, предвидено било дека ќе се потребни 15 милиони евра.

За жал ова никогаш не се имплементираше, бидејќи МВР не сакале да ги споделат своите бази на податоци. Основната грижа е дека одредени институции повторно би можеле да стават кочница во процесот на дигитализација и дека, на пример, и по донесувањето на ЗОУП во 2015 година поврзувањето на органите не се случи до крај. Процесот на дигитализација, како што рече, мора целосно и од сите да биде поддржан, а посебно ја истакна поддршката и на невладиниот сектор. Смета дека освен средства директно инвестирани за дигитализацијата, мора внимателно да се истражи и инфраструктурата каде овие уреди би биле монтирани, бидејќи во нивните анализи, постојат згради кои немаат соодветна електрична инсталација или пак протекува вода по ѕидовите каде има електрична инсталација, што би можело да биде многу опасно. За оптимизацијата на судската мрежа, наведе дека согласно нивната анализа, до 2027 година за 14% ќе се намали бројот на судии, па затоа се потребни дополнителни анализи од сите аспекти и дека треба да се земе предвид и опцијата за поголем број на судски службеници.

Во дискусијата по третата поттема се вклучија и Мухамед Халили, Лазар Нанев, Трпе Стојановски и Гордана Лажетиќ.

.

Амбасадорот Халили, смета дека ветинг е потребен, како во судскиот и во политичкиот систем и дека без тоа нема да има резултати.

Лазар Нанев повторно се вклучи и сподели дека во јуни во Охрид ќе се одржи европскиот самит за дигитализација на правосудството, каде министри за правда и дигитализација, претседатели на врховни судови и судски совети ќе бидат присутни, каде ќе се споделат политичките, правните и информатичките аспекти на функционалноста на системот.

Трпе Стојановски, пак, смета дека дигитализацијата е неминовна, но запраша дали се обезбедени овие средства?

На ова одговори Лажетиќ, која сподели дека целата финансиска рамка е обезбедена, и огромен дел од работите веќе се исплатени.

Координаторката на РГ 3, проф. д-р Александра ДЕАНОСКА ТРЕНДАФИЛОВА на сесијата посебно се осврна на препораките усовоени на претходните 9 сесии и притоа истакна кои од нив се во корелација со трите поттеми кои беа предмет на дискусија на десеттата сесија, заклучувајќи дека голем дел од нив се имплементирани, а дел од темите треба да бидат предмет на натамошни анализи и дебати.

Сесијата заврши после повеќе од четири часа, заради големиот број на учесници кои зедоа активно учество во дискусијата со свои излагања и коментари на наведените актуелни теми кои остануваат да бидат дел од основните предизвици на Министерството за правда во периодот што следи.

